Врз основа на член 76-д став 5 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), како и Решението за верификација на мандатите на членовите во Локален младински совет на Општина Гевгелија бр. 09-2031//1 од 30.09.2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 12/22), а во врска со Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020), Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, на седница, одржана на 14.10.2022 год., го донесе следниов:

**Д Е Л О В Н И К за РАБОТА**
**НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ**
**на Општина Гевгелија**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Деловникот се уредува организирањето, начинот на работа и одлучувањето на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија (во понатамошниот текст: ЛМС на Општина Гевгелија), во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## 2. КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЛМС

**Член 2**

Конституирањето на ЛМС се врши на првата конститутивна седница на ЛМС.

Советот е конституиран доколку на коститутивната седница присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на ЛМС.

На првата конститутивна седница, која ја отвора и води најстариот избран член, на членовите на Локалниот младински совет им се доставуваат Одлуката за избор на членови во Локален младински совет донесена од Локалното собрание на млади и Решението за верификација на мандатите на членовите на Локален младински совет, усвоено на Советот на Општина Гевгелија.

Од своите редови самите избираат претседател/ка и заменик-претседател/ка на ЛМС со јавно гласање, со мозинство гласови од вкупниот број членови на ЛМС.

За заменик-претседател/ка може да се избере член од различен пол од претседателот/ката. Претседателот/ката и заменик-претседателот/ката се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број членови, со мандат од 2 години, водејќи сметка за родовата застапеност во функциите.

**Член 3**

Ако се предложени повеќе кандидати за претседател на ЛСМ, избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Советот.

Членовите гласаат одделно за секој од предложените кандидати.

## 3. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛМС

**Член 4**

Членовите на ЛМС имаат право и должност да:

- Присуствуваат на седниците на ЛМС и Советот на Општина Гевгелија;
- Предлагаат точки на дневен ред кои се во надлежност на работата на ЛМС и точки од интерес на младите на седници на Совет на Општина Гевгелија;
- Учествуваат во одлучувањето и да даваат иницијативи за работа на Советот;
- Бидат во тек и да учествуваат во подготовка на материјалите што ги донесува ЛМС;
- Учествуваат во работата на комисиите.

**Член 5**

Секој член има право да бара од Локалното собрание на млади и ЛМС да заземе став по прашање значајно за спроведување на активностите и политиката на ЛМС.

**Член 6**

Членот на ЛМС е одговорен за застапување и спроведување на ставовите на ЛМС, а должен е да ги извести членовите на ЛМС (претседателот/ката, заменик-претседателот/ката) за извршување на сите работи што му биле доверени.

**Член 7**

ЛМС може да формира постојани и повремени работни тела (комисии) за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 8**

ЛМС води евиденција за присуство на членовите.

**Член 9**

Членот на ЛМС кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата, е должен благовремено да го извести претседателот/ката, најмалку еден ден пред одржувањето на седницата.

Ако некој член подолго време е спречен да присуствува на седници должен е да го извести претседателот/ката и за тоа да побара посебно одобрение, за кое ЛМС посебно ќе одлучува во согласност со Статутот.

**Член 10**

Советот на Општина Гевгелија може да разреши член на Локалниот младински совет и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Локалниот младински совет и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ/КАТА

**Член 11**

Претседателот/ката на ЛМС:

- Претседава со седницата;
- Ги потпишува актите кои ги донесува ЛМС и се грижи за нивно спроведување;
- Ја обезбедува и ја насочува работата и дејствувањето на ЛМС согласно Законот за младинско учество и младински политики, Статутот на Општина Гевгелија и Деловникот за работа на ЛМС;
- Презема мерки за спроведување на заклучоците на ЛМС;
- Се грижи за извршување на Програмата и плановите за работа на ЛМС;
- Одлучува за одржување состаноци, советувања во врска со разгледување прашања во надлежност на ЛМС.

**Член 12**

Заменик- Претседателот/ката на ЛМС:

- во случај на спреченост или отсутност, претседателот/ката го/ја заменува претседателот/ката на ЛМС, согласно одредбите во член 10.

## 5. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

**Член 13**

ЛМС одржува седници по потреба, но најмалку еднаш во двата месеци.

**Член 14**

Седниците на ЛМС ги свикува претседателот/ката со покана и дневен ред за работа најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата.

Во предлогот на дневниот ред претседателот/ката на ЛМС ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето на седницата му се доставени од страна на други предлагачи.

По исклучок заради итноста за постапување по одделни активности претседателот/ката, може да определи седницата да се одржи во пократок рок.

Претседателот/ката на ЛМС е должен/на да свика вонредна седница на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Локалниот младински совет.

Доколку претседателот/ката не може или не сака да свика седница, останатите членови на ЛМС имаат право да свикаат седница, со тоа што поканата со дневниот ред и материјалите за работа ќе ги испратат навремено до секој член на ЛМС и до службеникот/чката за млади.

**Член 15**

За текот на работата на седниците на /Локалниот младински совет се води записник.

Пред почетокот на седницата, членовите на ЛМС одредуваат записничар/ка кој може да ротира и оверувачи на записникот, со цел да се има писмен запис од одржаните седници на ЛМС.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, а посебно заклучоците, одлуките и решенијата донесени на седницата по повод разгледувањето на прашањата од дневниот ред.

**Член 17**

Записникот се доставува до членовите на ЛМС со покана за наредната седница.

На крајот од Записникот, се содржани изјавите на секој од членовите на Комисијата со кои ги потврдуваат резултатите од гласањето, односно Записникот го потпишуваат сите членови што гласале.

Записникот се усвојува на почетокот на наредната седница.

При усвојувањето на Записникот, секој член на ЛМС има право да стави забелешки на Записникот.

За забелешките кои ќе се усвојувааат, се прави исправка на Записникот и се става на гласање на наредната седница.

## <u>6. НАЧИН НА РАБОТА</u>

**Член 18**

Дневен ред на седница на Советот се утврдува на предлог на претседателот/ката на ЛМС на почетокот на седницата, со мнозинство гласови на присутните членови на ЛМС.

Секој член на ЛМС може на седницата да предложи:

- предложениот редослед на точките на дневниот ред да се измени;
- некоја од предложените точки да се симне од дневниот ред;
- дневниот ред да се дополни со нова точка на дневниот ред, но е должен да ја образложи итноста на тој предлог.

ЛМС со мнозинство гласови на присутните членови одлучува одделно за секој предлог измена и дополнување на предложениот дневен ред.

**Член 19**

На седница на ЛМС, со која заседава претседателот/ката на ЛМС, никој не може да говори пред да побара и добие збор од претседателот/ката.

Пријавите за збор се поднесуваат откако ќе започне претресот и можат да се поднесуваат се до неговото завршување.

Претседателот/ката на ЛМС на членовите на ЛМС им дава збор според редоследот на јавувањето. Говорникот/чката кој/а сака да говори по вторпат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати.

Говорот на овој член на ЛМС не може да трае подолго од 3 минути.

Претседателот/ката ќе му даде збор на членот на Советот ако побара збор (реплика) за да го исправи наводот што е неточно изложен или што дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување и тоа откако ќе го заврши излагањето оној што ја предизвикал потребата од реплика.

Во својата реплика, која не може да трае подолго од 3 минути, членот на Советот мора да се ограничи на исправката, односно на личното објаснување.

Членот на ЛМС на кого му е упатена репликата, има право на одговор, во траење од 1 минута.

Членовите на ЛМС, правото на репликата и одговорот на репликата, можат да го користат само еднаш во текот на расправата по една точка од дневниот ред.

**Член 20**

Седницата се одржува според усвоениот дневен ред, а претседателот/ката е должен/на да отвора претрес по секоја од точките.

Претресот по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавени за збор.

Претседателот/ката го заклучува претресот откога ќе утврди дека повеќе нема пријавени за збор.

**Член 21**

ЛМС може да работи ако на седница присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на ЛМС.

Ако се утврди дека на седницата не присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на ЛМС, седницата не може да се одржи.

Во случаите од став 2 на овој член, претседателот/ката ја презакажува седницата, со писмено известување упатено на сите членови на ЛМС.

**Член 22**

Полноважни се одлуките за кои гласало потребното мнозинството членови на ЛМС од 1/3.

**Член 23**

Членовите на ЛМС гласаат на тој начин што се изјаснуваат "за" или "против" предлогот или "воздржан" од гласањето.

Јавното гласање се врши со со кревање на рака или со поименично усно изјаснување.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што претседателот/ката ги повикува членовите на ЛМС најнапред да се изјаснат кои се "за" предлогот, потоа да се изјаснат кои се "против" предлогот и на крајот да се изјаснат тие што се воздржуваат од гласањето.

При констатирање на резултатот од гласањето, се потенцира бројот на присутните и бројот кој гласале "за", "против" или "воздржан".

**Член 24**

ЛМС носи Програма за работа.

Во изготвувањето на Програмата за работа учествува и Локалното собрание на млади.

Програмата за работа, ЛМС ја доставува до Советот на Општина Гевгелија најдоцна до 15 ноември во тековната година за следната година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Северна Македонија;
- консултирање со организациjата на младите за теми значајни за младите;

**Член 25**

Општина Гевгелија обезбедува финансиски средства за работа на ЛМС и простор за одржување на седници.

Од Буџетот на Општина Гевгелија се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на ЛМС во согласност со усвоената годишна програма.

**Член 26**

Членовите на ЛМС не добиваат надоместок за својата работа.

**Член 27**

ЛМС изготвува Годишен извештај за реализација на Програмата за работа во тековната работа.

Во изготвувањето на Годишниот извештај за реализација на Програмата за работа во тековната работа учествува и Локалното собрание на млади.

Годишниот извештај за реализација на Програмата за работа во тековната година, ЛМС го доставува до Советот на Општина Гевгелија.

**Член 28**

ЛМС треба да има најмалку два состаноци со Локалното собрание на млади годишно. Ако има и други теми за дискусија може да има и повеќе средби со Собранието.

Доколку нема средби, ЛМС е должен континуирано да го информира Собранието за неговата работа, преку испраќање записници од седниците или информации за поважни активности на меил.

Членовите на ЛМС треба да ги информираат и консултираат и младите кои не се членови на организации преку јавни настани или консултации. Консултациите може да се вршат и по електронски пат или анкета. Ваквите консултации треба да бидат достапни за сите и младите слободно да може да ги изразат своите потреби и проблеми.

За поспецифични потреби, ЛМС може да организира средби и со млади и со носители на одлуки користејќи го методот на „Структурен дијалог“, при што за одредено прашање на едно место може да се слушнат мислењата и на младите и на носителите на одлуки или на претставниците на одговорните локални или национални институции.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

Изменување и дополнување на овој Деловник ќе се врши на начин и постапка според кои се донесува.

**Член 30**

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

бр. 08-2218/1
01.11.2022 г.
Гевгелија

Претседател на
Локален младински совет
на Општина Гевгелија,

**Кристијан Алчинов**
с.р.